**Н А Ц Р Т**

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 7 април 2026 година**

**Скопје, април 2026 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 7 април 2026 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа замениците на претседателот на Владата д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, м-р Гордана Димитриеска – Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, Борко Ристовски, министер за спорт, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Адмир Шабани, заменик на министерот за одбрана, д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација.

На седницата присуствуваа и Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи, м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Андреа Ѓошевска и Димитар Димовски претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Известување за преземените активности во врска со Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 26 март 2026 година до 1 април 2026 година

2. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 26 март 2026 година до 1 април 2026 година

3. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија, за период од 22 март 2026 година до 28 март 2026 година

4. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат - клуб на Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт" ДОО Скопје

5. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија и услуги „Кинг Еуропе" ДОО увоз-извоз Гевгелија за деловната просторија во Подружница автомат - клуб 1 Дојран на ул. „Маршал Тито" бр.1 Стар Дојран

6. Предлог-програма за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2026 година

7. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Глобал харвест инишијатив од САД Подружница Скопје, со Предлог-одлука

8. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ивана Станојковиќ, с.Тремник, Неготино, со Предлог-одлука

9. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ивана Станојковиќ, с.Тремник, Неготино, со Предлог-одлука

10. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Марјан Костов, ул. „Франц Пипан" бр.7, Неготино, со Предлог-одлука

11. Информација во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.349 „Блатечка Река" на концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани

12. Информација за отпочнување на постапка за враќање на погрешно исплатени финансиски средства на Друштвото за производство,трговија и услуги Кентаур-Импекс ДООЕЛ

13. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - травертин на Друштвото за рударство, градежништво, трговија и услуги Лика - компани експорт-импорт ДООЕЛ Тетово на локалитетот „Краста", с.Баниште, Општина Дебар

14. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Европската инвестициска банка во однос на основањето на претставништвото на Европската инвестициска банка во Северна Македонија

15. Предлог на закон за ратификација на Рамковниот договор за воена соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција

16. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на образованието

17. Информација за формирање на Национален комитет на високо ниво и Работна група на техничко ниво за подготовка на Национален акциски план за Европската гаранција за деца (ЕГД)., со предлог-одлуки и предлог-решенија

18. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за користење средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на социјалната политика, демографија и млади за 2025 година

19. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетски институт за радиологија - Скопје (дигитален РТГ апарат за динамички флуороскопски и радиографски снимања на деца)

20. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле – Скопје (фотелји на расклопување)

21. Информација за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерство за спорт, со Предлог-одлука

22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

23. Барање за автентично толкување на член 25 став 1 точка 9 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13,

154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21), поднесено од градоначалникот на Општина Кочани

24. Иницијатива од Станиша Станковиќ од Кавадарци, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.29/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 128 и член 151 од Законот за високото образование, со дополнување („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25)

25. Понуда од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.986 за КО Конско, на КП бр.575, викано место/улица „Конско"

26. Понуда од нотар Ана Јолакоска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2170, за КО Кисела Вода 2, на КП бр.5483, викано место/улица „В.Ѓуровиќ"

27. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје, за размена на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.190770, за КО Драчево 2, на КП бр.11038, викано место/улица „Драчево" и Имотен лист бр.191366, за КО Драчево 2, на КП бр.11037, викано место/улица „Драчево"

28. Понуда од нотар Верица Панова-Стевкова од Струмица, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.65722, за КО Струмица, на КП бр.6634/66, викано место/улица „Балабаница"

29. Информација за степенот на реализација на средствата за капитални дотации за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година

30. Извештај за работата на Советот за македонски јазик (1.1.2025 – 31.12.2025 година)

31. Информација за работата на Работната група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел Бараки во Општина Велес

32. Информација за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2025 година

33. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Државниот архив на Република Северна Македонија, сметка на основен буџет (637) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Државниот архив на Република Северна Македонија, сметка на основен буџет (631),

34. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје - Сметка на основен буџет (637) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и

ревизија на усогласеност за 2024 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје- Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)

35. Извештај за финансиското работење на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1.10.2025 до 31.12.2025 година

36. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот октомври–декември 2025 година

37. Извештај за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за период од 1.7.2025 до 31.12.2025 година

38. Кадровски прашања

39. Прашања и предлози

40. Информација за потребата од обезбедување на финансиски ресурси за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10Д (делница на Автопатот Прилеп-Битола)

41. Информација за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво ,,Нафтовод" ДООЕЛ Скопје за 2026 година, со Предлог-одлука

42. Информација за вкупниот извештај на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи, во период од 11.11.2025 година до 9.1.2026 година

43. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државното правобранителство на Република Северна Македонија

44. Известување од извршител Зорица Симиќ, доставено под И.бр.63/2023, за Заклучок за прва усна јавна продажба, која ќе се одржи на 8.4.2026 година

45. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Anatolian Phoenix 26", во Република Турција

46. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Efes 26", во Република Турција

47. Предлог - програма за изменување на Програмата за водостопанство за 2026 година

48. Информација за потреба од одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

49. Предлог на закон за соодветна и правична застапеност

50. Информација во врска со проектот на Светска банка финансиски инструмент за опрема за ладење (фп177), проект поддржан од Зелениот климатски фонд и откажување од расположливите средства

51. Информација за основно сценарио и нови иницијативи за финансирање во наредниот среднорочен период 2027-2031 година

52. Информација за одржување на Дваесет и вториот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 7 октомври 2025 година, со прилози

53. Информација за подготовка на Дваесет и првиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 28 април 2026 година, со прилози

54. Предлог на закон за младински додаток

55. Барање на Тони Киревски, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, по член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

*

*　　*

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 април 2026 година.

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 26 март 2026 година до 1 април 2026 година и согласно член

31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 2**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 26 март 2026 година до 1 април 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија, за период од 22 март 2026 година до 28 март 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Предлог – лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат - клуб на Друштвото за приредување на игри на среќа „Каззино моззарт" ДОО Скопје и ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат - клуб.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Предлог – лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат - клуб на Друштвото за трговија и услуги „Кинг Еуропе" ДОО увоз-извоз Гевгелија за деловната просторија во Подружница Автомат клуб 1 Дојран на ул. „Маршал Тито" бр.1 Стар Дојран и ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат - клуб.

**Точка 6**

Владата ја донесе Програмата за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2026 година.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Глобал харвест иницијатив од САД Подружница Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ивана Станојковиќ, с.Тремник, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање

согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ивана Станојковиќ, с.Тремник, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Марјан Костов, ул. „Франц Пипан" бр.7, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.349 „Блатечка Река" на концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани, ја усвои Информацијата и како концедент го овласти Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да го извести концесионерот да ги отстрани утврдените недостатоци во рок од осум дена од прием на известувањето, а во спротивно да се постапи согласно предвидените договорни одредби.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување на постапка за враќање на погрешно исплатени финансиски средства на Друштвото за производство,трговија и услуги Кентаур-Импекс ДООЕЛ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да отпочне постапка за изработка на економско вештачење за потребите на тужбеното барање кое треба да се иницира спрема Друштвото.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да поднесе барање до Државното правобранителство на Република Северна Македонија за покренување на соодветна постапка спрема Друштвото за производство, трговија и услуги Кентаур-Импекс ДООЕЛ, а воедно да преземе мерки и правни средства, заради правна заштита на имотните права и интереси.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - травертин на Друштвото за рударство, градежништво, трговија и услуги Лика - компани експорт-импорт ДООЕЛ Тетово на локалитетот „Краста", с.Баниште, Општина Дебар.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Европската инвестициска банка во однос на основањето на претставништвото на Европската инвестициска банка во Северна Македонија, го утврди и заклучи да се достави до Собранието согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Наташа Дескоска, помошник - директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**<u>Точка 15</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Рамковниот договор за воена соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и Адмир Шабани, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Елизабета Чупоска Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана и Наташа Дескоска, помошник - директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**<u>Точка 16</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на образованието, го утврди и заклучи согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и Дритон Сулејмани, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука и Александра Миовска, директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**<u>Точка 17</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на национален комитет на високо ниво, Работна група на техничко ниво и именување на национален координатор и заменик на Националниот координатор за имплементација на Европската гаранција за деца (ЕГД), со предлог-одлуки и предлог- решенија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Национален комитет на високо ниво за Европската гаранција за деца.

2. Ја донесе Одлуката за формирање на Работна група на техничко ниво за подготовка на Национален акциски план за Европската гаранција за деца (ЕГД).

3. Го донесе Решението за назначување на национален координатор и заменик на националниот координатор за Европската гаранција за деца (ЕГД).

Истовремено, Владата заклучи Предлог-решението за назначување членови и заменици-членови на Националниот комитет на високо ниво за Европската гаранција за деца, да се стави на Дневен ред на наредната седница на Владата.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за користење средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на социјалната политика, демографија и млади за 2025 година.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетски институт за радиологија - Скопје (дигитален РТГ апарат за динамички флуороскопски и радиографски снимања на деца).

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле – Скопје (фотелји на расклопување).

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерство за спорт, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за спорт.

**Точка 22**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Суштината на предложените измени е автоматска трансформација на работниот однос на определено во неопределено поради постоење на бременост, како и воведување на нови казнени одредби.

По однос на членот 1 од Предлогот на закон, со кој се предвидува додавање на нов став (5) во членот 46 и автоматска трансформација на договорот на определено во неопределено поради бременост, ваквото решение е правно неодржливо и диспропорционално. Договорот за вработување на определено време, по дефиниција, претставува договор со ограничено времетраење склучен поради привремена потреба за работна сила.

Членот 46 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), веќе предвидува услови за трансформација, конкретно во ставовите (3) и (4) и тоа кога работникот ќе продолжи да работи по истекот на договорениот рок или кога постои трајна потреба за тоа работно место. Предложената автоматска трансформација поради бременост нема никаква врска со природата на работниот однос, ниту со реалната потреба на работодавачот. Со неа се воведува непредвидлива обврска базирана исклучиво на личен статус на работничката, со што би се нарушила слободата на договарање и деловната предвидливост, а работодавачот би бил обврзан да одржува работен однос на неопределено дури и кога законски заснованата потреба за работна сила веќе не постои.

Во однос на членот 2 од предложените измени, со кој се предлага бришење на ставот (3) на членот 101 од Законот, а кој определува дека истекот на договорот на определено време не претставува пречка за бременоста, треба јасно да се потенцира дека постоечкото законско решение е не само правно оправдано, туку и неопходно. Истекот на договорот на определено време не претставува отказ, туку природна последица на постигнатата договорна согласност меѓу работничката и работодавачот при самото склучување на истиот. Работничката со потпишувањето на договорот изречно ја прифатила привременоста на работниот однос. Поради тоа, истекот на рокот не може правно да се изедначи со дискриминаторско постапување, туку е резултат на однапред определена договорна волја. Бришењето на оваа одредба би создало правна несигурност во поглед на тоа дали и кога договорот на определено, всушност, може законски да истече, со што би се довело во прашање самата суштина на овој вид работен однос. Важно е да се нагласи дека постоечкиот Закон за работните односи веќе обезбедува сеопфатна заштита на бремените работнички.

Членот 9-б апсолутно забранува секаков облик на дискриминација поради бременост без оглед на видот и времетраењето на работниот однос.

Членот 6 го воспоставува општиот принцип на недискриминација, додека членот 101, ставовите (1) и (2) го забрануваат отказот во текот на бременоста и предвидуваат ништовност на отказот доколку работничката во рок од 15 дена достави лекарска потврда.

Дополнително, членот 77 изречно ги наведува бременоста и раѓањето меѓу неосновани причини за отказ. Со тоа, се додека договорот е на сила, бремената работничка е целосно заштитена, а правото на мајчинско отсуство и надоместот по тој основ се остваруваат преку системот на задолжително социјално осигурување независно од видот на работниот однос.

По однос на членот 3 од Предлогот на закон, со кој се предлага воведување на нови казнени одредби за работодавачи кои нема да ја спроведат трансформацијата предвидена во членот 1, се укажува дека членот 265 од Законот за работните односи веќе содржи развиена и диференцирана прекршочна рамка со глоби кои се пропорционални на типот и на големината на работодавачот. Прекршочната одредба во ставот (1) алинеја 17 изречно предвидува санкција за непочитување на обврската за трансформација согласно членот 46. Дополнително, правната логика диктира дека казнената одредба е секогаш секундарна и произлегува од постоечката материјална обврска. Бидејќи самата основна обврска за автоматска трансформација поради бременост е правно неоснована, таа не може да послужи ниту за основ за казнување.

Врз основа на претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон за

изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, предложен од група пратеници.

**Точка 23**

Владата го разгледа Барањето за автентично толкување на член 25 став 1 точка 9 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21), поднесено од градоначалникот на Општина Кочани и притоа го утврди следното мислење:

Општина Кочани истакнува дека има дилема при примена на одредбите од наведениот член на Законот кога предмет на купопродажба е стан во станбена куќа (поконкретно негова прва продажба), на кој не е поминато повеќе од пет години од изградбата и на кој е пресметан данок на додадена вредност. Ваквиот стан е запишан во Имотен лист со намена шифра А1-1 и претставува посебна целина, а како таква во Имотниот лист, во колоната каде се запишува намената на посебниот/заедничкиот дел на зградата е запишан со шифра СТ (стан). Се поставува прашањето дали за ваков стан да се пресмета и наплати данок на промет или да се примени одредбата од член 25 став 1 точка 9 од Законот за даноците на имот, односно да има даночно ослободување.

Владата укажа дека со Законот за даноците на имот (во понатамошниот текст: Законот), се уредува начинот на оданочувањето на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности. Во членот 2 од Законот се дефинира недвижниот имот и тоа како земјишта (земјоделски, градежни, шумски и пасишта) и едностанбени и повеќестанбени објекти за домување, гаражи, деловни згради и деловни простории, други објекти, како и инсталациите подигнати врз нив или под нив и трајно споени со нив. Според дефинициите, едностанбени објекти се самостојни семејни куќи, вили, атриумски куќи, куќи во низ и куќи за одмор, а повеќе станбени објекти се станбени згради со два или повеќе стана кои можат да бидат станбени блокови, повеќекатници солитери. Во овој дел, Законот е усогласен со член 3 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија" број 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 302/20, 150/22, 224/24 и 160/25) според кој објектите за домување можат да бидат станбени, станбено-деловни и деловно-станбени.

Во конкретниов случај, предмет на барањето за автентично толкување е одредбата од членот 25 од Законот, со кој се уредуваат даночните ослободувања и олеснувања во поглед на данокот на промет на недвижности. Имено, според член 25 став 1 точка 9 од Законот, данок на промет на недвижности не се плаќа на првиот промет на станбени згради и станови кој ќе се изврши во период до пет години по изградбата, на кој е пресметан данок на додадена вредност.

Со Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 , 7/25 и 143/25) се уредува номенклатурата и групирањето на системот на класи на намени што ги содржи сите групи уредени во класификација на намени, класи на намени и поединечни намени, како и нивните ознаки на објекти за градење. Така во член 77 од истиот, меѓу другото, се уредува и специфицира домувањето во А1 и А2 објекти за домување и тоа како: А1 - домување во куќи, А1.1 – станбени куќи - слободностоечки и класификација како: А2 – домување во згради А2.1 - станбени згради – слободностоечки блокови и кули.

Дополнително, во член 30 став 1 точка 14 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.44/99...189/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19,...267/25) е пропишано дека повластената даночна стапка од 5%

се применува за првиот промет на станбени згради и станови во оној дел во кој истите се користат за станбени цели и кој ќе се изврши во рок до пет години по изградбата.

Согласно горенаведената правна состојба, се укажува на тоа дека Законот за даноците на имот е децидент и јасен во делот на оданочувањето и ослободувањето од плаќање на данок на промет на недвижности и плаќање на ДДВ на станбени згради, односно станови. Во овој контекст, делот за ослободување од данок на прв промет на станови и станбени згради нема никаква поврзаност на плаќањето на данокот на промет на недвижности со домувањето во куќи/станбени куќи. Ослободувањето исклучиво се однесува на првиот промет на станбени згради и станови кој ќе се изврши во период до пет години по изградбата на кој е пресметан данок на додадена вредност.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати Барањето за автентично толкување на одредбата од член 25 став 1 точка 9 од Законот за даноците на имот, со оглед на тоа што споменатата одредба е децидна, јасна и недвосмислена.

**<u>Точка 24</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Станиша Станковиќ од Кавадарци, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.29/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 128 и член 151 од Законот за високото образование, со дополнување („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 44 од Уставот на Република Северна Македонија, секој има право на образование под еднакви услови, а образованието е достапно на сите под услови утврдени со закон. Член 9 од Уставот го утврдува начелото на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите, додека член 35 од Уставот утврдува дека Републиката обезбедува социјална сигурност и социјална правда за граѓаните.

Во рамките на оваа уставна поставеност, со Законот за високото образование се уредуваат основите на системот на високото образование, организацијата и функционирањето на високообразовните установи, како и правата и обврските на студентите.

Подносителот на Иницијативата го оспорува член 151 од Законот за високото образование, кој се однесува на утврдувањето на бројот на студенти кои се запишуваат на јавните високообразовни установи. Со оваа законска одредба се утврдува дека одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на јавни високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Македонија, на предлог на јавната високообразовна установа, донесува Владата на Република Македонија. Ваквото законско решение е во целосна согласност со уставната поставеност на системот на високото образование и со надлежностите на органите на државната власт. Имено, утврдувањето на бројот на студенти кои ќе се запишуваат на јавните високообразовни установи претставува дел од образовната политика на државата, која се спроведува преку планирање на уписната политика, водејќи сметка за: потребите на пазарот на трудот, развојните приоритети на државата, капацитетите на високообразовните установи, финансиските средства обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија. Оттука, законодавецот со право го доверил утврдувањето на бројот на студенти на Владата, како орган на извршната власт кој ја креира и спроведува образовната политика. Ваквото решение не создава нееднаква положба на студентите и не претставува ограничување на правото на образование, туку претставува легитимен инструмент за планирање и управување со системот на високото образование.

Во однос на член 128 од Законот за високото образование:
Со член 128 од Законот за високото образование се предвидува ослободување од плаќање партиципација за одредени категории лица, како што се: лица без родители помлади од 26 годишна возраст, доколку се невработении; лица со инвалидност, согласно Уредбата која ја донесува Владата по предлог на Националниот совет; воени инвалиди, лица растени во домови на напуштени деца доколку се невработени и други лица утврдени со Уредбата на Владата донесена по предлог на Националниот совет.  Со оваа законска одредба законодавецот утврдил основен круг на категории лица кои имаат право на оваа мерка на социјална поддршка, но истовремено оставил можност кругот на корисници да се проширува со подзаконски акт. Врз основа на ова законско овластување Владата ја донела Уредбата за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, со која се утврдуваат конкретни категории лица кои имаат право на ова право.

Во однос на наводите за повреда на начелото на еднаквост подносителот на Иницијативата смета дека студентите од самохрани и еднородителски семејства не се опфатени со овие мерки и дека тоа претставува повреда на начелото на еднаквост. Меѓутоа, ваквото толкување не е правно основано. Имено, принципот на еднаквост не подразбира дека сите категории лица мора да бидат третирани идентично, туку дека законодавецот може да утврдува различни мерки за различни категории лица кога за тоа постојат објективни и разумни причини. Во конкретниот случај, законодавецот утврдил категории лица кои се наоѓаат во особено ранлива социјална положба, како што се лицата без родители, лицата со инвалидност и лицата растени во институционална грижа. Истовремено, законската одредба содржи отворена норма која овозможува Владата, доколку оцени дека постојат социјални и економски причини, да утврди и други категории лица. Оттука, фактот што одредена категорија лица не е изречно наведена во Законот или Уредбата не претставува дискриминација, туку резултат на законодавната политика и проценката на законодавецот во однос на мерките на социјална поддршка.

Системот на високото образование предвидува и други механизми за поддршка на студентите, како што се: студентски стипендии, субвенционирано сместување и исхрана, други мерки на студентски стандард. Оттука, оспорените законски и подзаконски решенија не го ограничуваат правото на образование, ниту создаваат дискриминација. Напротив, тие претставуваат мерки на социјална политика насочени кон поддршка на одредени категории студенти.

Во однос на Уредбата за ослободување од партиципација:
Врз основа на законското овластување од Законот за високото образование, Владата ја донела Уредбата за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање. Со оваа уредба се утврдуваат категориите лица кои имаат право на ослободување од плаќање партиципација. Оваа уредба претставува подзаконски акт донесен врз основа на законско овластување и во рамките на надлежностите на Владата.

Во Иницијативата се повикува и на претходни законски решенија.

Меѓутоа, во правниот поредок не постои принцип на трајно задржување на одредени законски решенија. Законодавецот има право да ги менува законите во согласност со општествените потреби, јавниот интерес и финансиските можности на државата. Оттука, евентуалното постоење на поинакви законски решенија во претходни закони не создава стекнато право кое мора да се задржи во идните законски решенија.

Имајќи ги предвид наведените аргументи, се смета дека: член 151 од Законот за високото образование е во согласност со Уставот и претставува легитимен инструмент за планирање на уписната политика во високото образование; член 128 од Законот за високо образование е во согласност со Уставот и предвидува мерки на социјална поддршка за одредени категории

студенти; Уредбата за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација е донесена врз основа на законско овластување; оспорените одредби не претставуваат дискриминација и не го повредуваат начелото на еднаквост.

Следствено на наведеното, се смета дека со член 128 и член 151 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21, 58/24 и 124/25), не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.986 за КО Конско, на КП бр.575, викано место/улица „Конско" и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2170, за КО Кисела Вода 2, на КП бр.5483, викано место/улица „В.Ѓуровиќ" и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје, за размена на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.190770, за КО Драчево 2, на КП бр.11038, викано место/улица „Драчево" и Имотен лист бр.191366, за КО Драчево 2, на КП бр.11037, викано место/улица „Драчево" и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Верица Панова-Стевкова од Струмица, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.65722, за КО Струмица, на КП бр.6634/66, викано место/улица „Балабаница" и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на средствата за капитални дотации за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 30**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за македонски јазик (1.1.2025 – 31.12.2025 година), како материјал за информирање.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Работната група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел Бараки во Општина Велес, како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 33**

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Државниот архив на Република Северна Македонија, сметка на основен буџет (637) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Државниот архив на Република Северна Македонија, сметка на основен буџет (631), како материјали за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Државниот архив на Република Северна Македонија, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 34**

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје - Сметка на основен буџет (637) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје- Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), како материјали за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 35**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1.10.2025 до 31.12.2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 36**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот октомври–декември 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 37**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за период од 1.7.2025 до 31.12.2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 38**

1. Владата го разреши проф. д-р Јетон Мазлами од Универзитетот на Југоисточна Европа, од должноста член на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија.

2. Владата ја разреши Мирјана Славевска, од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Велес, на нејзино барање.

3. Владата од должноста член и заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од редот на вработените во органите на државната управа од Министерството за здравство, ги разреши:

- Бесник Бајрами, член и
- Јелена Арсова, заменик член.

3.1 Владата за член и заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од редот на вработените во органите на државната управа од Министерството за здравство, ги именува:

- Јован Грповски, член и
- Весна Блажески Синадинова, заменик член.

4. Владата го именува Филип Камчев, претставник од Министерството за финансии, за претседател на Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

5. Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола, ги именува:

- Наташа Бајовска и
- Анета Ѓоргиевска.

6. Владата донесе Одлука за давање согласност на Одлуката за избор на директор на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ Скопје (Одлука бр.02-428/1 од 23.12.2024 година на Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ Скопје, со која за директор на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ Скопје е избрана проф. д-р Елена Јованова – Грујовска, научен советник).

Истовремено, Владата ја одложи за наредната седница точката 4 од предлогот на Комисијата за именување.

**Точка 39**

**1**.Владата го разгледа Барањето за доделување на помош по настаната елементарна непогода, со дополнување од Општина Кичево и заклучи истото да се достави до Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, која по разгледување на Барањето потребно е да достави соодветна информација до Владата.

**2.**Владата, согласно задолжението од Извадокот од Нацрт-записникот од Сто и четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 септември 2025 година, точка 44, Прашања и предлози, а имајќи ги предвид известувањата добиени од Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање, го задолжи Министерството за внатрешни работи да достави во владина постапка Предлог на закон за престанување на важење на Законот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница во Република Северна Македонија.

**3**.Владата го одложи од разгледување Укажувањето од Државниот завод за ревизија, доставно под бр.47-589/1 од 26.3.2026 година, во врска со Информацијата за утврдување на листа на органи на државната управа за склучување на колективен договор, утврдување на текстот на колективниот договор и овластување за негово потпишување, поради потребата Горан Минчев, министер за јавна администрација, да одржи координативен состанок со проф. д-р Лазар Јовевски, советник за труд и социјална политика на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претставник на вработените од Државниот завод за ревизија и на наредната седница на Владата да предложат усогласен став по ова прашање.

**4.**Владата го разгледа Известувањето за нарушување на медиумскиот простор и барање за итна средба, поднесено од Македонската медиумска асоцијација, го усвои и ѝ укажа на Агенцијата за електронски комуникации соодветно да го применува законот и да постапи согласно своите надлежности во врска со настанатиот проблем со кабелскиот оператор Телекабел.

**5.**Владата го разгледа Барањето од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија за изменување на Заклучокот бр.1, донесен по т.42 од Извадокот од Нацрт – записникот од Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 февруари 2025 година, по Извештајот за завршени преговори помеѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Северна Македонија во врска со наметнувањето ограничувања за увоз на категории археолошки и етнолошки материјали од Северна Македонија, со усогласен текст на Договор, го прифати Барањето и заклучи точка 1. од истиот да се измени и да гласи:

„1. Го прифати новиот усогласен текст на Договорот помеѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Северна Македонија во врска со наметнувањето ограничувања за увоз на категории археолошки и етнолошки материјали од Северна Македонија, што ќе се потпише во две јазични верзии, на македонски и на англиски јазик.".

**6**.Владата во врска со подготвителните активности за одбележувањето на 35 годишнината од независноста на Република Северна Македонија ги донесе следните заклучоци:

1) Се формира Организационен одбор за одбележувањето на 35 годишнината од независноста на Република Северна Македонија со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за култура и туризам, Министерството за внатрешни работи, Генералниот секретаријат на Владата на Република

Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

2) Се задолжуваат институциите од заклучокот бр.1, најдоцна до 9 април 2026 година, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да номинираат свои претставници во Организациониот одбор.

3) Се задолжува Организациониот одбор да подготви Предлог-програма со активности за одбележување на 35 годишнината од независноста на Република Северна Македонија и истата во рок од 14 дена да ја достави до Владата.

**7**.Владата по повод укажувањето на проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со цените на основните прехранбени производи заклучи:

1)Се задолжува Министерството за економија и труд во соработка со Државниот пазарен инспекторат да определат листа на основни прехранбени производи, со цел Државниот пазарен инспекторат да изврши инспекциски надзор за движење на цените на основните прехранбени производи на 1 февруари 2026 година со 1 април 2026 година и врз основа на податоците добиени од инспекцискиот надзор, Министерството за економија и труд да подготви детална компаративна анализа и истата да ја достави до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

2)Се задолжува Министерство за економија и труд во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да направат анализа за движењето на цените на земјоделски репроматеријали (ѓубрива и слично) на 1 февруари 2026 година со 1 април 2026 година и истата да ја достават до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**8.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за европски прашања за изменување на заклучоците од Извадокот од Нацрт – записникот од Сто педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 февруари 2026 година, точка 77, Прашања и предлози, во врска со предлозите на закони, кои се дел од Реформската агенда и се предмет на усогласување со правото на Европската Унија, го прифати Барањето, заклучи истите да престанат да важат и притоа ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1)Предлогот на законите и нацрт-подзаконските акти кои се предмет на усогласување со правото на Европската Унија, како и материјалите поврзани со процесот на интеграција во Европската Унија, имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, НПАА и користењето на фондовите на Европската Унија или друга странска помош, задолжително се доставуваат на мислење до Министерството за европски прашања.

2)Предлогот на законите, по утврдувањето од страна на Владата на Република Северна Македонија, заедно со нацрт-подзаконските акти кои се предмет на усогласување со правото на Европската Унија, а особено оние кои претставуваат чекори или предуслови за исполнување на чекорите од Реформската агенда, заедно со кореспондентните табели, се доставуваат до Европската комисија за консултации, при што се обезбедува доволен рок (најмалку три месеци) за нивно разгледување и добивање мислење, со цел истото да биде земено предвид и соодветно вградено пред доставувањето на предлогот на законите во собраниска постапка.

3)Предлогот на законите, по утврдувањето од страна на Владата на Република Северна Македонија, заедно со нацрт-подзаконските акти кои се предмет на усогласување со

стандарди и/или препораки од други чинители, како што се меѓу другите Енергетската/Транспортната заедница, ОДИХР, Венецијанската комисија, заедно со табеларен преглед се доставуваат до Европската комисија за консултации, при што се обезбедува доволен рок (најмалку три месеци) за нивно разгледување и добивање мислење, со цел истото да биде земено предвид и соодветно вградено пред доставувањето на предлогот на законите во собраниска постапка.

4)По добиено мислење од Европската комисија, сите прифатливи забелешки задолжително се интегрираат во текстот на предлогот на закон пред неговото доставување во собраниска постапка и/или во нацрт-подзаконскиот акт, а за забелешките кои не се прифатливи задолжително се доставува издржано образложение до Европската комисија.

5)Доколку законот е донесен од Собранието, а од Европската комисија се добие мислење кое содржи прифатливи забелешки, Владата ќе обезбеди нивно вградување преку подготвување и утврдување на предлог на закон за изменување и дополнување на соодветниот закон, со цел обезбедување целосна усогласеност со правото на Европската Унија, а за забелешките кои не се прифатливи задолжително се доставува издржано образложение до Европската комисија.

6)Целокупната комуникација и размена на релевантна документација во процесот на консултации со Европската комисија задолжително се одвива преку Министерството за европски прашања.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на финансиски ресурси за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10Д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Министерството за финансии):

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, веднаш да постапи согласно одредбите од Законот за јавен долг и да ја започне постапката за добивање на согласност за задолжување кај домашни деловни банки, со поднесување на барање за задолжување обезбедено со државна гаранција до Министерството за финансии, а со цел обезбедување на финансиски средства за финансирање на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10Д (делница на автопатот Прилеп-Битола), со заем во износ од 140.000.000 евра, обезбеден со државна гаранција.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од три дена по добивање на комплетно барање за задолжување од страна на Јавното претпријатие за државни патишта, да направи анализа на кредитната способност на Јавното претпријатие за државни патишта и да изрази мислење.

3. Доколку Министерството за финансии изрази позитивно мислење, односно даде согласност на Јавното претпријатие за државни патишта за задолжување обезбедено со државна гаранција, се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од 10 дена да започне постапка за прибирање на понуди од домашни деловни банки за обезбедување на дополнителни средства преку заем обезбеден со државна гаранција за финансирање на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10Д (делница на Автопатот Прилеп-Битола), во износ од 140.000.000 евра.

4. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, целокупната постапка за задолжување обезбедено со државна гаранција да ја спроведе согласно одредбите во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 151/21 и 12/25).

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштвото ,,Нафтовод” ДООЕЛ Скопје за 2026 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот извештај на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи, во период од 11.11.2025 година до 9.1.2026 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија на следниве општини и тоа:

1.1 На Општина Валандово за природна непогода силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер на 2.7.2024 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 202.936.668,00 денари.

1.2 На Општина Ресен за природна непогода град во период од 30.5.2023 година до 3.6.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 105.461.942,00 денари.

1.3 На Општина Ресен за природна непогода град во период од 24.6.2023 година до 5.7.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 24.118.295,00 денари.

1.4 На Општина Ресен за природна непогода град во период од 24.8.2023 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 38.361.093,00 денари.

1.5 На Општина Крива Паланка за природна непогода дожд и град на 26.6.2024 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 4.652.864,00 денари.

1.6 На Општина Велес за природна непогода мраз на 7.4.2025 година и 8.4.2025 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 1.361.170,00 денари.

1.7 На Општина Валандово за природна непогода мраз на 20.3.2025 година и 21.3.2025 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 122.503.517,00 денари.

1.8 На Општина Кавадарци за природна непогода мраз на 19.3.2025 година и 20.3.2025 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 76.055.960,00 денари.

1.9 На Општина Пробиштип за пожар во јули и август 2024 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 5.431.883,00 денари.

1.10 На Општина Македонски Брод за пожар во јули 2025 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 1.452.014,00 денари.

1.11 На Општина Македонски Брод за пожар на 1.6.2025 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 237.851,00 денари.

1.12 На Општина Кичево за пожар на 27.7.2025 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 245.105,00 денари.

1.13 На Општина Велес за природна непогода град и поплава на 4.8.2025 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 55.825,00 денари.

1.14 На Општина Валандово за природна непогода дожд и град на 15.7.2025 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 16.396.208,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и за наредната седница на Владата да достави предлог-одлука за парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, согласно заклучокот бр.1 од точки 1.1 до 1.14.

3. Се укажува на општините согласно точките 1.1 до 1.14 од оваа информација, пропорционално со процентот кој го одреди Владата, да ги распределат средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства да достават детален извештај за распределените средства за настанатата штета до Владата.

4. Се задолжува Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи, да продолжи со процедурата за проценка и утврдување на штетите по предметите од општините од точки 2.1-2.28 од Информацијата и по пристигнатата коригирана документација за истото да ја информира Владата.

5. Се задолжува Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи, согласно точка 3.1 од оваа информација, да ги информира општините за неможноста за постапување по предметите, поради истечени законски рокови, согласно член 143 од Законот за заштита и спасување.

**Точка 43**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со заклучок материјалот повторно да се разгледа на Комисија за економски систем и тековна економска политика, во присуство на сите заинтересирани страни, со цел да се изнајде соодветно решение по однос на користењето на просториите во Основниот суд - Тетово.

**Точка 44**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Зорица Симиќ, доставено под И.бр.63/2023, за Заклучок за прва усна јавна продажба, која ќе се одржи на 8.4.2026 година и по истото го усвои Известувањето од Министерството за транспорт.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Anatolian Phoenix 26“, во Република Турција.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Efes 26“, во Република Турција.

**Точка 47**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за водостопанство за 2026 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави предлог-одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, кои ќе се користат како одобрен план во Раздел 04002- Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Ставка 413, Програма 21 Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 5.000.000,00 денари за комплетна и целосна реализација по усвоената информација за реализација на барањата, поднесени до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во текот на 2025 година, поврзани со пожарот што се случи во Клубот „Пулс" во Кочани на 16 март 2025 година, вклучувајќи ги и непредвидените финансиски средства за реализација на Конференцијата за институционални и клинички аспекти и решенија по пожарот во Кочани, една година подоцна, по која Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија имаше задолженија да обезбеди авионски билети и транспорт на сите учесници.

**Точка 49**

Владата повторно го разгледа Предлогот на закон за соодветна и правична застапеност, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието го определи д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, а за повереник д-р Арлинда Ѓакова, државен секретар во Министерството за европски прашања.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со проектот на Светска банка „Финансиски инструмент за опрема за ладење (ФП 177)“, проект поддржан од Зелениот климатски фонд и откажување од расположливите средства и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува проф. Даме Димитровски, специјален советник на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и национален координатор за Зелениот климатски фонд, да го потпише писмото за откажување од средствата во рамките на Проектот.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 8 април 2026 година, до Светска банка да го достави Писмото за

откажување од средствата во рамките на проектот „Финансиски инструмент за опрема за ладење (ФП177)".

**Точка 51**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за основно сценарио и нови иницијативи за финансирање во наредниот среднорочен период 2027-2031 година и согласно расправата на седницата го задолжи Министерството за финансии повторно да побара од буџетските корисници да достават нови ревидирани фискални проекции врз основа на постојно законодавство и постојни обврски (основно сценарио) и предлог за најнеопходните нови проекти и нови финансиски обврски (нови иницијативи), за кои се преземени обврски од страна на Владата, со конкретни насоки, а се задолжуваат сите буџетски корисници ревидираните материјали да ги достават до Министерството за финансии, најдоцна до 20 април 2026 година.

Истовремено, Владата заклучи материјалот повторно да се разгледа на седница на Владата, која ќе се одржи на 21 април 2026 година.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Дваесет и вториот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 7 октомври 2025 година, со прилози, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да изработи Стратегија за борба против измами на финансиските интереси на ЕУ за 2026-2030 година и да ја достави до Владата, најдоцна до 30 септември 2026 година.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Дваесет и првиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 28 април 2026 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација, за копретседавач на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика од македонска страна.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања, веднаш да го достави пишаниот позадински материјал на англиски јазик до Европската комисија.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии во однос на препораките, обврските и заклучоците од состанокот кои предвидуваат преземање на активности, набавка на опрема и нови вработувања, да се обезбедат од средствата обезбедени во рамките на одобрениот буџет на соодветните институции.

**Точка 54**

Владата го разгледа Предлогот на закон за младински додаток, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии, младинскиот додаток да се исплаќа од буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

**Точка 55**

Владата го разгледа Барањето на Тони Киревски, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, по член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за спорт.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:25 часот.